Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-1799/2
18-12-2023 20 год.-viti
Скопје-Shkup

Заштитно друштво за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги
УНИВЕРЗАЛ-С ДОО увоз-извоз
Бр. 03-246/1
20.12. 2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 29-б став (8) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија"бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22 и 129/23) и Одлуката за намалување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – бентонитска глина и кварц на локалитетот „Ранковце", општина Ранковце на Заштитното друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги УНИВЕРЗАЛ - С ДОО увоз-извоз Крива Паланка бр.41-7937/7 од 24 октомври 2023 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.226/23)

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Заштитното друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги УНИВЕРЗАЛ - С ДОО увоз-извоз Крива Паланка**
**со адреса: Ул.Индустриска бр.5 Крива Паланка, Република Северна Македонија**
**застапувано од лицето Светлана Велиновска**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден __________ 2023 година во Скопје, склучија:**

**АНЕКС**
**НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – БЕНТОНИТСКА ГЛИНА И КВАРЦ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „РАНКОВЦЕ", ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**

**Член 1**

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бентонитска глина и кварц на локалитетот „Ранковце", општина Ранковце бр.24-279/1 од 10.01.2018 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Заштитното друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало застапништво и останати услуги УНИВЕРЗАЛ - С ДОО увоз-извоз Крива Паланка членот 3 се менува и гласи:

"**Член 3**

**Просторот на кој се доделува концесијата**

Просторот на кој е доделена концесијата од член 1 на овој договор се наоѓа на локалитетот „Ранковце", општина Ранковце и го зафаќа просторот ограничен со точки, дефинирани со координати, точките меѓусебно поврзани со прави линии како што се дадени на Топографската карта приклучена кон овој договор во мерка М = 1 : 25 000 во Гаус-Кригерова проекција, и тоа:

| Точка бр. | Координата У | Координата Х |
|---|---|---|
| Т-1 | 7592475 | 4671600 |
| Т-2 | 7593080 | 4671640 |
| Т-3 | 7593080 | 4671295 |
| Т-4 | 7592947 | 4671373 |
| Т-5 | 7592934 | 4671350 |
| Т-6 | 7592986 | 4671285 |
| Т-7 | 7592596 | 4671305 |

Површината на просторот на концесијата за експлоатација од став 1 од овој член изнесува P= 0.172686 $km^2$ /квадратни километри/."

**Член 2**

Составен дел на овој анекс на договор е и Топографска карта дадена во прилог на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци од кои по четири (4) примероци за Концедентот и по три (3) примерока за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – бентонитска глина и кварц на локалитетот „Ранковце", општина Ранковце бр.24-279/1 од 10.01.2018 година.

## Топографска карта на концесиски простор

**1:25000**

**Локалитет:** Ранковце - Ранковце

**Минерална суровина:** Бентонитска глина

**Површина = 0.172686 км2**




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7592475 | 4671600 |
| 2 | 7593080 | 4671640 |
| 3 | 7593080 | 4671295 |
| 4 | 7592947 | 4671373 |
| 5 | 7592934 | 4671350 |
| 6 | 7592986 | 4671285 |
| 7 | 7592596 | 4671305 |